# Драма во Велес: Малолетничка нападната со метален предмет, напаѓачот „глув“ на полициските наредби, испукани неколку предупредувачки куршуми!

14.06.2025 13:36 902 Читање помалку од 1м

На 13.06.2025 година околу 18.00 часот, во СВР Велес, Е.Х.(25) од Велес, пријави дека на улицата „Хаџи Косте“ во Велес, неговата малолетна ќерка била физички нападната од С.У.(23) од Велес, при што напаѓачот употребил и метален предмет, а откако неговата 27-годишна сопруга дошла на местото на настанот, тој и кон неа упатил закани.






Од страна на полициски службеници С.У. бил затекнат како во рацете држи остри предмети, му била дадена наредба да ги фрли, но истиот се оглушил на наредба, им се заканувал на полициските службеници движејќи се кон нив со намера да ги нападне, по што бил испукан еден предупредувачки куршум во воздух и повторно му била дадена наредба да ги фрли предметите.

С.У. повторно се оглушил на наредбата, продолжил да се движи кон полициските службеници, и бил испукан уште еден предупредувачки куршум во воздух, по што напаѓачот го фрлил едниот предмет и се дал во бегство.

Биле испукани уште два предупредувачки куршуми во воздух, а С.У. и натаму бегајќи го фрлил и другиот предмет. Предметите се пронајдени и одземени, за настанот е известен Јавен обвинител и Центарот за социјални работи Велес, а по лицето интензивно се трага.

Сподели


Желјазков: Очекуваме поддршка од ПССЕ за заштита на правата на бугарската заедница во С Македонија
14.06.2025 22:51


Макрон го повика Иран да се врати на преговарачката маса
14.06.2025 22:23


Велика Британија распоредува борбени авиони на Блискиот Исток во услови на растечки тензии меѓу Израел и Иран
14.06.2025 21:38


Протести и тужба за депонијата во Кичево – градоначалникот Дехари: притисокот врз работниците е политички терор
14.06.2025 20:55



Студентите во блокада во Србија најавија за 28 јуни нов протест во Белград
14.06.2025 20:43


Оман: Откажани нуклеарните преговори меѓу САД и Иран
14.06.2025 20:39













НАЈЧИТАНИ

Што е „Хаибар“ – новата ракета со која Иран му се заканува на Израел и ќе го „шокира светот“?
under Избор, Свет
По екслацијата на конфликтот со Израел, иранските власт...

Кои земји ќе бидат зајакнати, а кои ќе бидат елиминирани до 2050 година?
under Став, Топ вести
Мерсел Биљали Знам кој бил мојот дедо, но повеќе сум за...

Пронајден е исчезнатиот Владимир
under Актуелно, Македонија
Исчезнатиот Владимир од Штип е пронајден и е дома. Него...

Дојди во пет до пет
under Став, Топ вести
И да се случи, не треба многу да се очекува од можната...

СЛЕДЕТЕ НÉ

85,614 Фанови

20 °C
Skopje
Чисто небо
20º - 19º
45%
2.57 км/ч
20 °C Sat
29 °C Sun
31 °C Mon
31 °C Tue
31 °C Wed

© Copyright 2025, All Rights Reserved | Developed by Unet